ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
Бр. Nr. 08-7979/1
02. 07. 2026 20
СКОПЈЕ - SHKUP

**ГРАД СКОПЈЕ**

За реализација на активностите од проектот „RE-Construct (Повторна употреба и управување со градежен отпад и шут од рушење)“ предвидени во договорот за имплементација на проектотИПА/2021/427-061, Град Скопје објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за избор на Координатор на Проект во рамки на проектот „RE-Construct (Повторна употреба и управување со градежен отпад и шут од рушење)“**

1. **Краток опис и цели на јавниот повик**

Град Скопје како водечки партнер во соработка со ЈП Депонија Дрисла, Општина Нова Горица и Северна приморска регионална агенција ДОО-Нова Горица е добитник на грант за надворешни акции од Европската унија потврден со Договор бр. ИПА/2021/427-061, за реализација на активностите кои произлегуваат од проектот насловен „RE-Construct (Повторна употреба и управување со градежен отпад и шут од рушење)“.

Општата цел на овој проект е да се подобрат и зголемат капацитетите на градот Скопје за транзиција кон циркуларна економија и повторна употреба на градежен отпад, преку идентификација на диви депонии, нивно следење и интервенција за затворање на истите како и реупотреба на преработениот шут.

За реализација на горенаведеното, Град Скопје го спроведува овој Јавен повик за избор на Координатор на Проект кој ќе биде одговорен за извршување на непречено спроведување на активностите поврзани со проектот „RE-Construct (Повторна употреба и управување со градежен отпад и шут од рушење).

Проектниот координатор ќе работи во тесна соработка со проектниот менаџер, финансискиот и административниот службеник вработени во Градот, како и со целните групи и работните групи на засегнати страни на проектот.

Проектниот координатор работи на постигнување и усогласување на активностите со целите на проектот и ги следи набавките и административните правила, регулативи и политики поставени од донаторот.

На избраниот Проектен координатор ќе му бидат дадени на располагање сите релевантни документи поврзани со реализација на проектните активности за успешно завршување на „RE-Construct (Повторна употреба и управување со градежен отпад и шут од рушење)“ според Договор бр.ИПА/2021/427-061.

## ГРАД СКОПЈЕ

**2.Опис на работна позиција**

Проектниот координатор ќе ги извршува следните активности согласно генералните услови на Договорот (Анекс II, член 1):

- да ја следи имплементацијата на проектните активности во согласност со Договорот и да обезбеди координација со сите корисници во спроведувањето на активностите;
- да биде посредник во комуникацијата на проекните партнери и договорниот орган;
- да биде одговорен за доставување на сите документи и информации до договорниот орган кои може да бидат потребни согласно овој договор, особено во врска со наративните извештаи и барањата за исплата. Кога се потребни информации од корисникот(ците), координаторот е одговорен за нивно добивање, проверка и консолидирање пред нивно доставување до договорниот орган. Секоја дадена информација, како и секое барање упатено од координаторот до договорниот орган, ќе се смета дека е дадено со согласност на сите корисници;
- да го информира договорниот орган за секој настан кој може да влијае или да го одложи спроведувањето на активностите;
- да го информира договорниот орган за секоја промена во правната, финансиската, техничката, организациската или сопственичката состојба на кој било од корисниците, како и за секоја промена на името, адресата или законскиот застапник на кој било од корисниците;
- да биде одговорен, во случај на ревизии, проверки, мониторинг или евалуации, како што е опишано во член 16 од Генералните услови на Договорот (Анекс II, „Финансиски и технички проверки") за обезбедување на сите потребни документи, вклучително и сметките на корисникот(ците), копии од најрелевантните придружни документи и потпишани копии од секој договор склучен согласно член 10 од Генералните услови на Договорот (Анекс II, „Имплементација");
- да има целосна финансиска одговорност за обезбедување дека активностите се спроведуваат во согласност со потпишаниот Договор;
- да ги подготвува барањата за исплата во согласност со Договорот;
- да биде единствениот примател, во име на сите корисници, на исплатите од договорниот орган. Координаторот ќе обезбеди соодветните исплати, да им бидат извршени на корисниците без неоправдано одложување;

Дополнително, Проектниот координатор ќе биде задолжен за:

- редовна комуникација со Делегација на Европска Унија како Contracting Authority
- изготвување на периодични извештаи;
- изготвување на Адендуми (доколку има потреба од тоа);
- изготвување на Финален Извештај на Проектот;

- менаџирање на финансиите на Проектот и изготвување на периодични финансиски извештаи;
- изготвување на финален финансиски извештај;
- редовно да води архива на проектот
- ќе работи на ПРАГ набавки предвидени со проектот преку имплементација на сите ПРАГ регулативи и фази до ставање на набавките во функција
- ќе работи на видливоста и дисеминацијата на проектните активности и резултати;

Покрај горенаведеното, координаторот на проектот треба да ги поседува и следните вештини:

- тесно да соработува со сите членови на проектниот тим, назначените членови на соодветни Комисии за реализација на проектот и ресорни сектори на Град Скопје;
- да има искуство во набавка на опрема и услуги согласно ЕУ регулативи и правила
- да посветува големо внимание на детали, прецизност и точност во извршувањето на задачите;
- да биде проактивна и креативна личност, ориентирана кон изнаоѓање на решенија;
- да поседува способност за работа во кризни и стресни ситуации;
- да поседува добри вештини за управување со времето;
- да поседува флексибилност и приспособливост кон работните предизвици;
- да поседува способност зазапазување на роковите, да работи самоиницијативно, но и да се консултира каде што е соодветно и потребно;
- да поседува способност за самостојна работа но и да работи како дел од проектниот тим;
- да биде подготвен/а и достапен/а за патувања во и надвор од Македонија
- да биде ориентирана кон интер културната чувствителност и свесност се задолжителни;

За работната позиција Координатор на проект бруто месечниот надоместок изнесува 1650 евра во денарска противвредност пресметана по среден курс на НБРМ на денот кога ќе се врши исплатата.

**<u>3. Времетрање на Договорот</u>**

Договорт на проектниот координатор на проектот „RE-Construct (Повторна употреба и управување со градежен отпад и шут од рушење)"ИПА/2021/427-061 ќе трае од денот на потпишување, а најдоцна до 12/05/2027.

## 4. Потребни квалификациии задолжителна документација

Доставено CV; опсежни познавања, знаења и искуство од Проектен менаџмент, управување и имплементација на проекти од ЕУ фондови, меѓународни грантови, донации и национални средства, вклучувајќи и финансиски менаџмент; искуство во мониторинг на реализација на проектните активности согласно поставените индикатори и излезни резултати; искуство во евалуација на квалитет на реализација на проектните активности; искуство во областа на стратешко планирање; опсежни познавања за прием на опрема според ЕУ стандарди и правила, следење на монтажа на опремата и тестирањето, со посветување на особено внимание дека набавената опрема е нова, неотпакувана и со сериски броеви или кодови (за кои ќе се направи фотографска евиденција), одлични комуникациски вештини и разбирање на локални/регионални контексти; способност за патување; добри аналитички вештини; возачка дозвола. Најмалку 10 години работно искуство; Универзитетска диплома, по можност за менаџмент и/или релевантно работно искуство (степен на мастер ќе се земе како предност); Добро познавање на правилата за управување со проекти на ЕУ, набавките и регулативите стекнати додека работа на најмалку еден (1) проект финансиран од ЕУ; Добри вештини за односи со јавноста; Одлична устна и писмена комуникација;

## 5.Рок и начин на доставување на пријавите

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите од овој повик потребно е да ја достават потребната документација во печатена верзија, лично преку архивата на Град Скопје или по пошта, на следната адреса: Град Скопје, бул. Илинден бр. 82, 1000 Скопје, во затворен коверт со назнака: „Повик за проектот: Re-construct“.

Рокот за аплицирање7 (седум) дена од денот на објавување.

**НАПОМЕНА:** Ненавремената и некомплетната документација нема да биде разгледувана. На интервју ќе бидат повикани само кандидатите коишто ги исполнуваат условите.

## 6.Начин на спроведување на јавниот повик

За спроведување на јавниот повик Градоначалникотна Град Скопје формира Комисија за избор на Координатор на Проект.

Комисијата е задолжена по истекот на рокот за поднесување на пријавите/апликациите, да изврши евалуација на пристигнатите пријави/апликации и да утврди дали истите ги исполнуваат условите пропишани со овој јавен повик.

**ГРАД СКОПЈЕ**

Комисијата е должна по извршената евалуација на пристигнатите пријави/апликации, да достави предлог до Градоначалникот на Град Скопје за усвојување на пријавата од кандидатот кој ги исполнува критериумите пропишани со овој јавен повик.

Градоначалникот на Град Скопје на предлог на Комисијата ќе донесе решение за усвојување на пријавата/апликацијата од кандидатот кој ги исполнува критериумите пропишани со овој јавен повик.

Во случај да не се усвои поднесената пријава/апликација, поради доставување на нецелосна или неуредна документација, или доколку кандидатот не ги исполнува условите од овој јавен повик, Град Скопје ќе го извести за причините поради кои неговата пријава/апликација не е усвоена.

**Орце Ѓорѓиевски**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**ГРАД СКОПЈЕ**